Australian Government
Department of Health and Aged Care



# Регистрирани медицински сестри 24 часа дневно во старски домови

**Од 1-ви јули 2023 година, сите старски домови се должни да имаат најмалку една регистрирана медицинска сестра која води грижа за станарите во домот во секое време - 24 часа дневно, секој ден во неделата.**

Тоа значи дека луѓето кои живеат во старски домови ширум Австралија имаат подобар пристап до регистрирани медицински сестри за да ги негуваат и да се справуваат со итни ситуации.

## Зошто е ова важно?

Да се има регистрирана медицинска сестра достапна во секое време дење или ноќе значи дека станарите на старските домови имаат пристап до клиничка нега секогаш кога им е потребна. Регистрираните медицински сестри укажуваат основен медицински третман, го намалуваат ризикот од опасност за станарите и помагаат да се спречат непотребни патувања до болничките одделенија за итни случаи. Тие се обучени да ги препознаваат и да реагираат на промените во потребите од нега на станарите, можат да донесуваат одлуки за планови за нега, водат сметка за лекови и ја надгледуваат работата на други медицински сестри.

## Што ако мојот старски дом нема регистрирана медицинска сестра достапна во секое време?

Понекогаш старските домови не можат да ја исполнат оваа обврска. На пример, некоја регистрирана медицинска сестра може да не дојде на нејзината смена бидејќи е болна или повредена, а старскиот дом да не е во состојба навреме да организира замена. Старските домови мораат да имаат резервни планови за такви ситуации.

Во некои делови на Австралија, како што се регионалните и оддалечените области во внатрешноста, на некои старски домови може да им е тешко да имаат регистрирана медицинска сестра достапна во домот повремено или во секое време. Владата соработува со сите старски домови, за да им помогне да имаат повеќе регистрирани медицински сестри.

Кога регистрирани медицински сестри не се достапни поради недостиг на работна сила, треба да се применат алтернативни аранжмани за да се обезбеди дека на станарите сепак им се укажува безбедна и квалитетна нега.

Некои старски домови во регионалните и оддалечени области може да бидат изземени од обврската да имаат регистрирани медицински сестри 24 часа дневно, ако покажат дека сепак можат да ги задоволат потребите од клиничка нега на нивните станари кога регистрирана медицинска сестра не е лично присутна.

Сите старски домови треба секој месец да поднесуваат извештај како ја исполнуваат новата обврска да имаат најмалку една регистрирана медицинска сестра достапна во секое време.

## Дали информациите за покриеноста со регистрирани сестри 24 часа дневно се објавени?

Кои старски домови имаат регистрирани медицински сестри 24 часа дневно може да видите со помош на алатката Provider на My Aged Care во колоната Staffing Star Rating: www.myagedcare.gov.au/find-a-provider/

Исто така можете да ја видите табелата 24/7 RN, што се објавува секој месец, на која е прикажана покриеноста со регистрирани медицински сестри на сите старски домови во Австралија.

## Што да правам ако ме загрижува пополнетоста со персонал во некој старски дом?

Комисијата за квалитет и безбедност во негата на стари лица помага да се заштити квалитетот на живот на луѓето кои живеат во старски домови. Комисијата ќе помогне онаму каде што постои загриженост за укажаната нега. Тоа може да вклучува барање натамошни информации од давателот на услуги или барање давателот да дејствува без одложување.

Ако ве загрижува пополнетоста со персонал во некој старски дом, можете да поднесете жалба до Комисијата со посета на нивната веб-страница на agedcarequality.gov.au/making-complaint или со јавување на 1800 951 822.

## Ајде заедно да ја измениме негата на стари лица

Ги покануваме Австралијаните да продолжат да го кажуваат своето мислење за реформите во негата за стари лица.

Посетете ја веб-страницата **agedcareengagement.health.gov.au**

Телефон **1800 318 209** (Бесплатна телефонска линија за реформи во негата на стари лица)

За усно и писмено преведување јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со 1800 318 209.
За да користите National Relay Service, одете на веб-страницата nrschat.nrscall.gov.au/nrs за да ја одберете вашата претпочитана точка на пристап на нивната веб-страница, или јавете се на NRS Helpdesk на 1800 555 660.